РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РОСОМАН

Арх.бр.12-13-8/5
од 24.04.2026 година
Росоман

До
Градоначалник на Општина Росоман

Врз основа на член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и донесената Програма за дополна на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација во Општина Росоман за 2024 година со Одлука број: 08-824/1.8 од 22.12.2023 година, објавена во Службен Гласник на Општина Росоман бр.15 од 22.12.2023 година донесена од страна на Советот на Општина Росоман, Градоначалникот на Општина Росоман го дава следното

## СООПШТЕНИЕ
### За спроведување на јавен увид по

### Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на МХЕЦ на дел од КП бр.376/1 КО Трстеник, Општина Росоман.

**Член 1**

Се известуваат граѓаните на Општина Росоман дека се организира **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на МХЕЦ на дел од КП бр.376/1 КО Трстеник, Општина Росоман** со технички број **09/26 од Март 2026 година** изработен од Друштво за градежништво, трговија и проектирање на Петар Иваноски „ПЕРКАН ПРОЕКТ" Дооел, Прилеп.

**Член 2**

Проектниот опфат се наоѓа во најисточниот дел од КП 376/1 КО Трстеник, односно непосредно до северниот дел од КП 376/9 и непосредно до источната катастарска граница Црна Река.

Границата на проектниот опфат опфаќа дел од КП 376/1 КО Трстеник, Општина Росоман.

Површината изнесува 0,043ha (433,46m2).

Во рамките на новопредвидената градежна парцела ГП 1 поединечната намена на земјиштето и градбите е Г3-7 мали хидроцентрали, со целосна пропратна инфраструктура и супраструктура како и сите комплементарни намени за функционално комплетирање и остварување на основната намена на градбата, што е согласно со член 77 и член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање.

## ЈАВЕН УВИД

На **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на МХЕЦ на дел од КП бр.376/1 КО Трстеник, Општина Росоман,** изработен од Друштво за градежништво, трговија и проектирање на Петар Иваноски „ПЕРКАН ПРОЕКТ“ Дооел, Прилеп со тех.бр. **09/26 од Март 2026 година** ќе **трае 15 (петнаесет)** дена во електронска форма, кој надлежниот орган го става на увид на јавноста со објавување на службената web страна на Општина Росоман www.opstinarosoman.gov.mk во период од **28.04.2026 до 12.05.2026 година** за кое време може да се доставaт евентуални забелешки, секој работен ден од 08.00 до 16.00 во просториите на Одделението за Урбанизам при Општина Росоман.

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски**

**Изработил:**
**м-р.инж.арх. Ана Несторова**

Ana Nestorova
Digitally signed by Ana Nestorova
Date: 2026.04.24 12:34:12 +02'00'